ЗНМ: Основниот кривичен суд Гостивар донесе проблематична првостепена пресуда за слободата на изразување



Лиридона Бејсели, новинарка

30/01/2026 - 16:54 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) изразува сериозна загриженост поради пресудата донесена на 12 јануари 2026 година на штета на Лиридона Бејсели.

Како што велат од ЗНМ, според судското образложение, Бејсели е обвинета за „Злоупотреба на лични податоци“ од член 149 став 1 од Кривичниот законик, затоа што на Инстаграм и Тик Ток објавила лични податоци – име и презиме на судија.

Судот во пресудата наведува дека: „Бејсели е виновна заради тоа што на 28.10.2024 година спротивно на условите утврдени со закон без согласност од оштетениот судија, користела негови лични податоци на начин што на социјалните мрежи Инстаграм и Тик Ток објавила видеа во кои ги злоупотребила личните податоци на оштетениот судија неговото име и презиме со што му наштетила на неговата чест и угледна неговата професионална дејност која ја извршувал како судија во Основен суд во Тетово повеќе од 37 години“.

ЗНМ оценува дека оваа првостепена пресуда испраќа многу лош сигнал за слободата на изразување во земјата.

„Кривичното гонење на новинари за објавување на име и презиме на јавни лица, особено судии, го зголемува притисокот врз новинарството и правото на јавноста да биде информирана“, реагира ЗНМ.

Од ЗНМ е понудена правна помош на Бејсели и, како што велат, внимателно ќе го следат процесот во жалбената постапка.

„Постои можност за корекција на пресудата од повисоките судови, но овој случај повторно го потенцира проблемот со изолирани судски постапки кои можат да делуваат како притисок врз медиумите. Име и презиме на судија е јавен податок, и абсурдно е да се третира објавата на името и презимето на конкретниот судија како повреда на правото на приватност“, забележува Здружението.

За потсетување, посочува ЗНМ, во 2025 година беа регистрирани повеќе случаи кои покажуваат дека одредени судски одлуки можат директно да влијаат врз слободата на медиумите.





НОВО ЗА ВАС LAJME NË GJUHË

15/07/2026

Приватен принт одбележ со новото издание „Екон истрајноста“

15/07/2026

(ИНТЕРВЈУ) Д-р Весна Чи може, а што не може да о неинвазивниот пренатал тест во бременоста

14/07/2026

Данокот на недвижности Белгија меѓу најскапите, Малта најповолни

14/07/2026

Од денеска малолетници возат тротинети

14/07/2026

Мултимедијалната излож времето“ вечерва ќе бид рамки на „Скопско лето“

„ЗНМ останува посветено на заштита на новинарите и нивното право на слободно и безбедно информирање на јавноста“, стои во реакцијата.

0 0

МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА

ЗНМ: Судскиот совет има обврска да биде

ЗНМ: Партиските тензии кон новинарите

Новинарите сè уште без правда за нападите

ЗНМ: Партиите да не се препукуваат преку



РАДИО МОФ НА FACEBOOK

РАДИО МОФ НА TWITTER

@RadioMOF
Official updates on X

Our live timeline is temporarily unavailable due to X limitations. You can still follow all updates directly on our profile.

View @RadioMOF on X

РАДИО МОФ НА INSTAGRAM

Радио МОФ е непрофитен медиум. За да ви обезбедиме објективно и професионално информирање добиваме поддршка од повеќе организации. Содржините објавени на медиумот не ги изразуваат нивните ста ставовите на Младински образовен форум и се професионални медиумски содржини креирани од редакцијата на Радио МОФ.